**20251192662**

## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеја 11[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24) и член 15 став 1 алинеја 19 и член 39 став 1 алинеја 11 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.7.2019 година, а во врска со член 3 став 14 од Законот за изменување и дополнување на Законот за медиуми („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 87/25), Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на својата 23 седница одржана на 5.6.2025 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПРИЈАВАТА ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ НА ИЗДАВАЧИ НА ОНЛАЈН МЕДИУМИ-ИНТЕРНЕТ ПОРТАЛИ И ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ИЗДАВАЧИ НА ОНЛАЈН МЕДИУМИ-ИНТЕРНЕТ ПОРТАЛИ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се уредува формата и содржината на пријавата за упис во Регистарот на издавачи на онлајн медиуми-интернет портали (во понатамошниот текст Регистарот), што издавачите на онлајн медиуми – интернет портали ја доставуваат во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (во понатамошниот текст Агенцијата) и начинот на кој Агенцијата го води Регистарот.

## II. УПИС ВО РЕГИСТАРОТ

### Член 2

Издавачот на онлајн медиум-интернет портал до Агенцијата доставува Пријава за упис во Регистарот, на посебен образец пропишан од страна на Агенцијата (составен дел на Правилникот како Прилог бр.1).

---

[1]Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.248/18)

Член 3

(1) Пријавата содржи:

1. Податоци за издавачот на онлајн медиумот-интернет порталот:

- целосен назив на издавачот на онлајн медиумот-интернет порталот;
- единствен матичен број на субјектот;
- седиште на издавачот на онлајн медиумот-интернет порталот;
- име и презиме, адреса и ЕМБГ на управителот;
- телефон и електронска адреса на издавачот на онлајн медиумот-интернет порталот; и
- име и презиме, ЕМБГ и адреса на сопственикот (ако е физичко лице) / целосен назив на субјектот, ЕМБС и седиште на сопственикот (ако е правно лице).

2. Податоци за онлајн медиумот-интернет порталот:

- име на онлајн медиумот-интернет порталот;
- интернет адреса на онлајн медиумот-интернет порталот;
- адреса на уредништвото;
- име и презиме, адреса и ЕМБГ на одговорниот уредник;
- регистрант на интернет доменот;
- телефон и електронска адреса на онлајн медиумот-интернет порталот; и
- опис на онлајн медиумот-интернет порталот (доколку станува збор за онлајн медиум-интернет портал со мал и/или специјализиран опфат).

(2) Издавачите на онлајн медиуми-интернет портали со мал и/или специјализиран опфат, кон Пријавата задолжително треба да достават договор на дело склучен со ангажирано лице (во оригинал или копија заверена на нотар).

(3) Агенцијата ќе ги користи доставените лични податоци само за потребата за којашто ги собира и согласно законската регулатива од областа за заштита на личните податоци.

(4) Издавачот на онлајн медиум-интернет портал е должен да ја извести Агенцијата за секоја промена на податоците во рок од седум дена од настанатата промена.

Член 4

(1) Регистарот на издавачи на онлајн медиуми-интернет портали се води во електронска форма и содржи податоци за:

- фирмата и седиштето, односно назив и адреса на издавачот на онлајн медиум – интернет портал;
- име и презиме на одговорното лице на издавачот на онлајн медиум – интернет портал;
- името на онлајн медиумот – интернет порталот;
- интернет адреса на онлајн медиумот-интернет порталот и
- регистрантот на македонскиот .мк или .мкд интернет домен.

Член 5

(1) За да биде впишан во Регистарот, издавачот на онлајн медиумот-интернет порталот треба да ги исполнува следните услови:

- да ја впишал дејноста во Централниот регистар на РС Македонија;
- да има седиште и уредништво во РС Македонија;
- на свое име да има регистрирано македонски .мк или .мкд интернет домен; и

- да ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во член 5 ставови 11 и 12 од Законот за медиуми.

(2) Во рок од три работни дена од денот на доставувањето на комплетна и уредна пријава од страна на издавачот на онлајн медиум-интернет портал, Агенцијата доставува барање до Централниот регистар на РС Македонија за доставување тековна состојба на издавачот на онлајн медиум-интернет портал и до Агенцијата за вработување за доставување податок за бројот на вработени со полно работно време во издавачот на онлајн медиумот-интернет порталот.

(3) Агенцијата го впишува издавачот на медиум-интернет портал во Регистарот во рок од три дена од денот на комплетирањето на документацијата, доколку констатира дека ги исполнува законските услови утврдени во член 5 од Законот за медиуми.

## III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 6

Постоечките издавачи на онлајн медиуми-интернет портали што во периодот на воспоставување на Регистарот имаат главна приходна шифра различна од дејноста публикување информативни, образовни и забавни содржини во вид на текст, аудио или аудиовизуелен формат преку онлајн медиум – интернет портал, ќе бидат впишани во Регистарот врз основа на запишана општа клаузула за бизнис, сé до 31 март 2026 година.

По истекот на овој рок, Агенцијата ќе ги избрише од Регистарот сите издавачи на онлајн медиуми-интернет портали чија главна приходна шифра нема да биде публикување информативни, образовни и забавни содржини во вид на текст, аудио или аудиовизуелен формат преку онлајн медиум – интернет портал (издавање весници, или списанија и периодични публикации во дигитална форма).

### Член 7

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на РС Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 03-2424/1 | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, |
| 11 јуни 2025 година | Претседател на советот, |
| Скопје | **Лазо Петрушевски,** с.р. |

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И
АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Палата Панко Брашнаров
ул.„Македонија“ бр.38, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 23 103 400
Факс: +389 23 103 401
e-mail: contact@avmu.mk

**(приемен печат на АААВМУ)**

## ПРИЈАВА ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ

## НА ИЗДАВАЧИ НА ОНЛАЈН МЕДИУМИ-ИНТЕРНЕТ ПОРТАЛИ

1. **Податоци за онлајн медиумот-интернет порталот**

| | |
|---|---|
| Име | |
| Интернет адреса | |
| Адреса на уредништвото | |
| Одговорен уредник | |
| Име и презиме | |
| Адреса | |
| ЕМБГ | |
| Регистрант на интернет доменот/организација/име | |
| Контакт | |
| Телефон | |
| Електронска адреса | |
| Опис на онлајн медиумот (се пополнува само доколку станува збор за онлајн медиум-интернет портал со мал и/или специјализиран опфат) | |

**2. Податоци за издавачот на онлајн медиумот-интернет порталот**

| | |
|---|---|
| Целосен назив | |
| Седиште | |
| ЕМБС | |
| Одговорно лице/управител | |
| Име и презиме | |
| Адреса | |
| ЕМБГ | |
| Контакт | |
| Телефон | |
| Електронска адреса | |
| Сопственик | |
| Име и презиме/целосен назив | |
| Адреса/седиште | |
| ЕМБГ/ЕМБС<br>(доколку има повеќе сопственици, повторете ги овие полиња за секој од нив) | |

_______________

Печат и потпис на одговорното лице

Прилог кон пријавата – Договор/и на дело склучен/и со ангажирано/и лице/а (во оригинал или копија заверена на нотар)[2]

[2] Се однесува само за издавачите на онлајн медиуми-интернет портали со мал и/или специјализиран опфат